1. Со што се обезбедува континуираниот процес на просторното и урбанистичкото планирање?

2. Кои планови се донесуваат во зависност од просторот кој е предмет на планирање?

3. Заради донесување на Детален урбанистички план, со кој друг план треба да се направи усогласување ?

4. Што треба да содржи Урбанистички план за село ?

5. Кој ја пропишува поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на Просторниот план ?

6. Кои услови треба да ги исполнува правното лице за добивање на лиценца за изработување на урбанистички планови?

7. Кој може да врши стручна ревизија на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и проекти за инфраструктура?

8. Физичко лице кое со барање за издавање на Овластување за ревизија ќе се обрати до Комората на овластени инженери кои услови треба да ги исполни ?

9. Освен органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот кој друг може да поднесе предлог за одземање на овластувања за изработување на урбанистички планови?

10. Колку пати во годината и во кои квартали општините со седиште во град и општините во градот Скопје треба да се распишат јавни повици за иницијативи за изработка на урбанистички планови?

11. Кој донесува годишна програма за финансирање на Просторниот план на Републиката?

12. Колку и кои треба да бидат членови во комисијата за урбанизам која ја формира Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот?

13. Каде се доставува барање за добивање на услови за планирање на просторот и на кој начин?

14. Кој врши стручна ревизија на Нацрт на Просторен план ?

15. Кој донесува Генерален урбанистички план?

16. Кој има пристап до електронскиот систем на одобрени урбанистичко-плански документации?

17. Кој може да достави барање за одобрување на Локална урбанистичка планска документација?

18. За кој плански опфат и надвор од плански опфат се изработува Урбанистичко-планска документација за туристичка развојна зона?

19. Како се утврдуваат градбите од посебен интерес за кои се изработува урбанистичка планска документација за градби од посебен интерес?

20. Што може да се формира со архитектонско-урбанистички проект?

21. Кој го изработува проектот за инфраструктура?

22. Кој ги врши работите на инспекцискиот надзор над примената на Законот за просторно и урбанистичко планирање?

23. До кога и до кого го доставува годишниот извештај за работата во изминатата година Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ?

24. Кој може да поднесе предлог за вршење на инспекциски надзор на урбанистичко-планска документација и урбанистичко проектна документација?

25. Што изработува урбанистичкиот инспектор за извршениот надзор?

26. Што е должен урбанистичкиот инспектор да донесе доколку утврди неправилности откако ќе изврши инспекциски надзор?

27. Како натаму ќе постапува управен инспектор доколку при инспекцискиот надзор утврди дека урбанистичкиот инспектор не постапува согласно законските надлежности односно не се запазуваат роковите за постапување ?

28. Доколку се изработи Детален урбанистички план во кој не се почитуваат намените на просторот утврдени со генералниот урбанистички план кому ќе му се изрече глоба од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност?

29. Во каква форма се спроведува стручната расправа на Нацрт Генерален урбанистички план ?

30. Каков вид на план е Просторниот план на Републиката?

31. Каков вид на план е регулацискиот план на генерален урбанистички план?

32. Лиценца за изработување на планови на правно лице носител на лиценцата може да му се одземе пред истекот на рокот на важност доколку:

33. Во кој рок правното лице не може да поднесе барање за издавање на лиценца за изработување на планови доколку му била одземена поради тоа што правното лице престанало да ги исполнува условите за добивање на лиценца?

34. Годишна програма за изработување на урбанистички планови, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат најдоцна до:

35. Како се спроведува постапката за изработување на урбанистички планови, регулациски план на генерален урбанистички план, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации?

36. Кој ја пропишува формата и содржината на планската програма со која се утврдуваат границите и содржината на планскиот опфат?

37. Во колку фази се изработуваат просторниот план и генералниот урбанистички план и во колку фази се донесуваат деталниот урбанистички план, урбанистичкиот план за село и урбанистичкиот план за вон населено место?

38. Како се изработуваат просторниот план и генералниот урбанистички план и како се донесуваат деталниот урбанистички план, урбанистичкиот план за село и урбанистичкиот план за вон населено место?

39. Кога се смета дека е донесен Урбанистичкиот план?

40. Врз основа на кој документ се разработува планска програма за регулациски план на Генерален урбанистички план ?

41. Во кој рок Собранието на Република Македонија е должно да донесе Просторен план ?

42. До кога важи Просторниот план?

43. Колку видови на урбанистичко - плански документации според видот на градбата се предвидуваат ?

44. За кои категории на градби согласно Законот за градење се изработува Државна урбанистичка планска документација?

45. Колку проценти од планираниот опфат треба да биде простор за кампирање согласно урбанистичко-планска документација за автокамп?

46. Колку години работно искуство согласно условите е потребно за урбанистички инспектор ?

47. Колкава важност има службената легитимација на урбанистичкиот инспектор?

48. Кој врши надзор над законитоста на работата на органите на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје?

49. Кому ќе му се изрече глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност доколку изработува урбанистички план, урбанистичка планска документација, регулациски план за генерален урбанистички план и урбанистичла-проектна документација , без да поседува лиценца за изработка на урбанистички планови?

50. Кој издава овластување за изработување на урбанистички планови?

51. Глоба во износ од 10.000 до 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во општината односно општината во градот Скопје доколку во рок од колку дена не донесе решение за одбивање или одобрување на барањето?

52. Сторителот на прекршокот во рок од колку дена е должен да ја плати предвидената глоба од приемот на платниот налог?

53. Глоба во износ од 10.000 до 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во општината односно општината во градот Скопје доколку во рок од колку дена не донесе решение за одбивање или одобрување на барањето за локална урбанистичка планска документација?

54. За прекршок на правно лице носител на лиценца за ревизија на урбанистички планови ако не се придржува до Ценовникот издаден од Комората на овластени архитекти предвидена е глоба од ?

55. Дали може Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да поднесе предлози за одземање на лиценца и овластувања на сите лиценцирани и овластени лица вклучени во изработката на планската докуметација доколку урбанистичко-планска документација односно урбанистичко-проектна документација е поништена?

56. Дали органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот има надлежност да дава препораки и укажувања за доследно спроведување на надлежностите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за работите кои се предмет на надзорот?

57. Дали може да се донесе урбанистички план, доколку не е донесен акт со кој е дадена согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно ?

58. Дали урбанистички инспектор согласно посебните услови треба да поседува лиценца за инспектор од областа на урбанизмот?

59. Дали може согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за намена А1(домување во стамбени куќи) и А2(домување во стамбени згради) со Локална урбанистичка планска документација да се уредува просторот?

60. Колкав период трае јавната анкета за предлог детален урбанистички план ?